Filozofski fakultet Sveučilišta u Zagrebu

Покана за учествувањето на Втората студентска лингвистичка конференција

Филозофскиот факултет при Универзитетот во Загреб 3-5 мај 2013

Почитувани,

Со големо задоволство Ве известуваме дека на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Загреб од 3 до 5 мај 2013 година ќе се одржи втората регионална Студентска лингвистичка конференција (Стуликон).

Целта на Стуликонот е да се соберат студентите од преддипломските и постдипломските филолошки студии од сите универзитети во регионот за да се поттикне нивната меѓусебна соработка. Поканава е пратена и до студентите коишто со јазикот се занимаваат од перспектива на други научни дисциплини (психологија, педагогија, социологија, антропологија и други) за да се оствари интердисциплинарен пристап кон феномените на јазикот.

Работата за учествувањето можно е да се пријави преку е-маил адреса **stulikon2013@gmail.com**. Во пријавата потребно е да се приложи:

1. Името на авторот
2. Насловот на предложената работа
3. Резимето на работата во должина до 500 зборови
4. Јазичното подрачје на работата

STULIKON
STUDENTSKA LINGVISTIČKA KONFERENCIJA

Предложената работа може да биде од подрачја на фонетика, фонологија, морфологија, синтакса, семантика, прагматика, социолингвистика, историја на јазикот, психолингвистика, усвојување на јазикот, применета лингвистика, компјутерска лингвистика и на други јазични дисциплини. Рок за пријавата на резимеата е 31 декември 2012 г. до 23:59 ч. Известувањето за рецензијата на пристигнатите работи ќе биде пратена најдоцна до 1 март 2013 г. Секој учесник може да пријави најмногу две работи, една сопствена и една коавторска. Најголем можен број на авторите на работата е четири. Официјалните јазици на конференцијата се сите јужнословенски јазици.

Предвиденото траење на презентациите на конференцијата е 20 минути, по што следи 10 минути за расправа. Програмата на конференцијата ќе биде на време објавена на интернет страница.

Планирано е објавување на зборникот од конференцијата. Учесниците чии резимеа ќе бидат прифатени треба да се регистрираат на адресата

stulikon2013@gmail.com. Рок за регистрацијата е 1 април 2013. Котизацијата за сите учесници е бесплатна.

Формални упатства за пишување на работите може да се најдат на интернет страница. Информациите за завршни работи дополнително ќе бидат објавени на интернет страница http://www.ffzg.unizg.hr/stulikon/.

Подетални информации за конференцијата и постапката за пријавувањето на работите може да се најдат на http://www.ffzg.unizg.hr/stulikon/. Сите додатни прашања може да упатите на е-маил адреса stulikon2013@gmail.com или на Facebook страницата на конференцијата https://www.facebook.com/stulikon2013.

Со почит,

Студентките и студентите од Филозофскиот факултет при Универзитетот во Загреб

STULIKON

STUDENTSKA LINGVISTIČKA KONFERENCIJA